# ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ЗА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ПЕНЗИОНЕРИ ВО КАВАДАРЦИ




## Домот на пензионери во Кавадарци стана енергетски ефикасен

**Со проект на Хабитат Македонија и Фондацијата Saint-Gobain Initiatives е обновена стара зграда и се подигнати и условите за социјално домување**

Домот на пензионери во Кавадарци, сместен во зграда во центарот на градот, е реновиран со проект на Хабитат Македонија и Фондацијата Saint-Gobain Initiatives во периодот од 2017 до 2018 година. Главните придобивки од проектот се:

- Подобрени услови за социјално домување на пензионерите
- Интеграција на млади луѓе преку волонтерска работа и едукација
- Придонес кон намалување на потрошувачката на енергија и зачувување на животната средина.

Проектот „Енергетска ефикасност за Здружението на пензионери во Кавадарци" ја подобри енергетската ефикасност на двата пензионерски социјални станови, како и на старата зграда во која се наоѓаат работните простории на пензионерското здружение и нивниот дневен центар. Реновирањето вклучи изолација на фасадата, замена на старите и дотраени прозорци и врати со нови и енергетски ефикасни, обнова на просториите. Во градежните активности со практична работа се вклучија волонтери од двете организации и студенти од Архитектонскиот факултет во Скопје.

Во вкупната финансиска конструкција на проектот, Фондацијата Saint-Gobain Initiatives учествуваше со 41.000 евра. Хабитат Македонија финансиски го поддржа реализирањето на проектот и беше одговорна за спроведувањето на активностите. Ова е воедно и прв проект поддржан од оваа Фондација во Македонија.

Договорот за проектот и за соработката помеѓу Saint-Gobain Initiatives и Хабитат Македонија беше потпишан на 29 јуни 2017 во Скопје, а информацијата во јавноста ја пренесоа голем број медиуми.

Проектот „Енергетска ефикасност за Здружението на пензионери во Кавадарци" опфати низа активности за подобрување на условите за живот и непреченото функционирање на пензионерите со мал приход како и на Здружението на пензионери на Кавадарци. Овоз-






**Обновување на целата обвивката на зградата:**

- Изработка на нов кров: нова дрвена кровна конструкција покриена со термички изолирани панели / сендвич панели - од пластифициран лим со изолација, 256 м$^2$
- Замена на старите дрвени прозорци и балконски врати со нови ПВЦ термопан
- Реконструкција на фасадата: поставување на термоизолациона фасада и нови олуци,1.060 м$^2$

**Реновирање на внатрешните простории:**

- Реконструкција на 4 бањи: целосна замена на инсталациите, плочките и санитарните елементи
- Молерисување на ѕидовите и плафоните на заедничките простории на пензионерите, на становите, канцелариите и скалишниот простор на Здружението на пензионерите, 867 м$^2$
- Поставување на ламинат, 31 м$^2$
- Замена на влезна врата и внатрешни врати

**Уредување на партерот околу објектот:**

- Изработка на заштитна ограда на потпорен ѕид и скали, 25 м
- Изработка на скали
- Бетонирање на тротоар околу зградата 50 м$^2$



можено е намалување на потрошувачката на енергија за 30%, но и на емисијата на гасови во атмосферата и зголемување на комфорот во домовите. Извршените енергетско ефикасни реконструкции ги обврзуваат пензионерите на енергетска ефикасност, на почитување на начините на штедење и одржување на нивните простории.

Реновирањето на фасадата е насочено кон подобрување на термоизолацијата како еден од најголемите проблеми во оштетените згради, како и на свежиот воздух и акустиката, а е реализирано во соработка со експерти од Saint-Gobain преку примена на адекватни материјали за звучна изолација. Се базира на техничка документација подготвена од инженери која им беше достапна на техничките експерти од Saint-Gobain.

Значаен дел од спроведениот проект е образувањето на студенти и млади професионалци на полето на енергетска ефикасност, нивна едукација за вештини и компетенции во врска со тоа. Јавноста преку медиумите беше запознаена со текот на проектот и со придобивките од енергетската ефикасност.

Habitat for Humanity® Macedonia

**Хабитат Македонија** е невладина и непрофитна организација посветена на обезбедување едноставни, пристојни и пристапни решенија за живеалишта на луѓето што живеат во услови на сиромаштија, без разлика на нивната етничка, полова и религиозна припадност. Хабитат Македонија е дел од меѓународната мрежа на организацијата **Habitat for Humanity International** и е една од десетте национални организации кои ја применуваат глобалната стратегија за развој на Хабитат мрежата.

Нови домови за семејства со мал приход, финансиски услуги за најранливите сегменти од општеството, услуги за поддршка на домувањето, фондови за подобрување на домовите во партнерство со институции за микро финансирање, менаџмент на згради за домување, активности за лобирање и застапување посветени на намалување на сиромаштијата во однос на домувањето и волонтирање се дел од програмата на Хабитат Македонија.

## Награда „Energy Globe“ за Хабитат Македонија

По повод Светскиот ден на животната средина во 2018 година, австриската фондација „Energy Globe“ му оддаде меѓународно признание на десетгодишниот ангажман на Хабитат Македонија во секторот на резиденцијална енергетска ефикасност, со доделување на награда за национални достигања. Наградениот проект „Енергетски ефикасни домови за семејства со ниски приходи“ иницијално оваа организација го започна во 2009 година. Главните достигања на проектот кој е се уште активен вклучуваат енергетски ефикасни реконструкции на повеќе од 60 колективни станбени згради во Македонија, со преку 1900 станови, при што се постигнати вкупни годишни енергетски заштеди од 7910 MWh и годишни редукции на емисиите на јаглероден диоксид од 3670 тони.




SAINT-GOBAIN

Меѓународната корпоративна **фондација Saint-Gobain Initiatives** е формирана во 2008 година, со седиште во Франција и се потпира на посветеноста на вработените на групацијата Saint-Gobain.Сите вработени во групацијата, без разлика дали се моментално вработени или во пензија, можат да спонзорираат проекти од областа на инклузија на младите во професионалниот живот и во конструкција, подобрување или реновирање за потребите од општ интерес за социјалниот живот, допринесувајќи посебно кон намалување на потрошувачката на струја и зачувувајќи ја животната средина.

**Групацијата Saint-Gobain** дизајнира, произведува и дистрибуира материјали и решенија клучни за добросостојбата на луѓето и нивната иднина. Тие можат да се сретнат насекаде: во објектите, транспортот, инфраструктурата и во многу индустриски применети области. Групацијата се залага за содавање на средини за живеење што го поддржуваат комфорот, високиот квалитет на живот и одржливоста како модел за идните генерации да развиваат средини за живеење со висока свесност на животната средина.

Во 2017 година Групацијата оствари 40,8 милијарда евра од продажба. Таа е присутна во 67 земји, а има повеќе од 179.000 вработени. Saint-Gobain претставништвото во Македонија е присутно на градежничкиот пазар во земјава од 2014 година преку трите бренда: Weber, Rigips and Isover.



**Ристо Анѓушев**
*Претседател на Здружението на пензионерите на Кавадарци*

# Реконструкцијата го продолжува животот на зградата

Ристо Анѓушев е претседател на Здружението на пензионерите на Кавадарци, дипломиран шумарски инженер во пензија. Тој е задоволен од придобивките кои ги носи енергетската ефикасност. Задоволен е од обновата на просториите на Здружението во реновираната зграда, од добиената можност да се троши помалку енергија за нејзино загревање вклучувајќи ги и двата пензионерски станови од по 32 квадрати од кои еден е претворен во работен простор за одржување на состаноци. Анѓушев, напоменува дека Здружението брои околу 7000 пензионери, од кои околу 1000 се инвалидизирани лица, а останатите се старосни пензионери. Укажа и дека клубот на пензионери во приземјето на истата зграда секој ден е полн со пензионери кои во најголем дел се со помали примања.

„А во клубот пијалоците се ефтини и може да се седи, да се игра шах или домино, луѓето да се дружат. Ние сме активно здружение и се обидуваме да обезбедиме подобри услови за пензионерите. Зградата во која сме сместени е изградена во 1969 година и од тогаш не е реновирана. Ние успеавме единствено во клубот на пензионерите да создадеме пристојни услови, а во гориот дел од зградата немавме направено ништо. Потребно и беше реновирање, столаријата беше стара, од секаде дуваше“, рече тој. Анѓушев потенцира дека  во Здружението на пензионери на Кавадарци функционираат комисии за здравство, за социјала, за спорт, комисија за одмор и рекреација и др., но дека со години наназат пензионерите од социјалните станови се жалеле на лошите услови за живеење особено во зима кога становите тешко ја задржувале  топлината.

„Бараа да се инвестира во становите, а ние располагаме само со пари од членарината и не можевме да им помогнеме. Со условите кои се создадоа преку реализираниот проект работите се сменија. Реконструкцијата на зградата ќе го подобри квалитетот на животот, а ќе влијае и на намалување на трошоците за одржување на објектот. Векот на траење на зградата ќе биде продолжен, зиме ќе биде топло, лете ладно, нема да дува. Ќе се троши многу помалку енергија и ќе се заштедат пари. За 3 до 4 години мислам наполно ќе се исплати оваа инвестиција“, рече Анѓушев, упатувајќи благодарност до Хабитат Македонија и Фондацијата Saint Gobain Initiatives, задоволен и горд од добиената можност во време на негово претседателствување да се заврши толку значаен проект.

### И спорт и одмор за пензионерите

Во Здружението на пензионерите на Кавадарци функционираат различни спортски секции, чии членови се натпреваруваат во фрлање пикадо, играње шах, табла, домино, трчање на 80 метри, трчање на 60 метри, скок од место... Пензионерите учествуваат на регионални и републички спортски игри, на различни натпревари и често се наградувани. Здружението се финансира од нивни пензии со по 150 денари месечно, а им организира екскурзии и одмор во Македонија, Албанија и Грција.

„Убаво е што сега се обнови објектот, луѓето се задоволни. Фасадата од надвор е направена, просториите внатре се реновирани, ѕидовите кои претходно беа во многу лоша состојба ги офарбавме, паркетот го лакиравме, го истругавме, го обновивме. Сменети се прозорците и вратите така да оваа зграда сега уште најмалку 50 години може да издржи обновена без некои големи поправки“, рече тој.

# Домот на семејството Николови е посветол и потопол



## „Пред да се направат новите прозорци им студеше на децата“, вели Славица Николова

Пензионерката Менче Николова заедно со синот Зоранчо, снаата Славица и внуците Менче и Стојанче живеат во еден од становите во реновираната, енергетски ефикасна зграда. Задоволни се од начинот на кој изгледа и функционира обновениот стан.

„Оваа зграда е стара, сè беше во неа застарено и со години наназад требаше да се реновира. Имаше многу влага во собите, дури и позади креветите и шкафовите“, рече Зоранчо Николов, нагласувајќи дека тој е во станот од раѓање, а веќе има 45 години. Во станот кој го добил татко му, родителите му се населиле по доаѓањето во градот од кавадаречките села Бохола и Барово. Татко му починал кога Зоранчо бил дете, а тој продолжил да живее со мајка му која е глувонемо лице, создавајќи и самиот семејство и покрај сопствените проблеми со вклопувањето во средината. Од неодамна работи во Тутунскиот комбинат во Кавадарци, а со гордост нагласува дека ќерката која има 13 години и синот 8 години одат на училиште. „Девојчето е осмо одделение, велат дека сака да учи, а таа сака да биде фризерка“, рече Зоранчо ,покажувајќи на нејзиниот кревет и работна маса кои ги добила со донации.

„Мајка ми има 81 година, спие во истата соба со ќерка ми, а ние со жена ми и синот во другата која исто така е реновирана со нови врати, нови прозорци, со ролетни, со нов под, ламинат. Целосно е реновирано и купатилото, а со новата фасада на зградата зиме ќе ни биде многу потопло. Зимно време ја загреваме едната соба со шпорет на дрва, а другата со електрична греалка. Добро е што сега нема влага во станот, а ние ќе продолжиме да го одржуваме“, рече Зоранчо, кого како и останатите, реновирањето пријатно ги изненадило.

Семејството Николови на Здружението на пензионери за станот месечно му плаќа кирија од 750 денари. И Славица која има 34 години е многу задоволна од реновираниот дом издвојувајќи дека претходно со старите прозорци станот тешко се загревал, но и дека подот бил во многу лоша состојба и тешко се одржувал. Претходно домот не бил реновиран. „Пред да се



направат новите прозорци беше тешко, им студеше на децата. Дуваше од вратите, од прозорците, од секаде“, рече таа. Зоранчо и Славица тешко наоѓаат редовна работа, а семејството главно живее од пензијата на Менче Николова. Зиме семејството Николови обично троши по еден, еден и пол кубик дрва.

„Просторот ни е мал и не трошиме многу за греење. По реновирањето ни е добро, за нас ова значи долготрајно решение за сите наши проблеми во станот“, рече Славица.





# Волонтерски ден на Saint-Gobain и Хабитат Македонија



Триесеттина вработени од Saint-Gobain и Хабитат Македонија учествуваа во, од нив организираниот Волонтерски ден кој се одржа на 20 март 2018 година во зградата на Здружението на пензионерите на Кавадарци која беше во процес на реконструкција. Се реновираа просториите на Здружението и се подобруваше нејзината енергетската ефикасност, а волонтерите помагаа во местењето на изолацијата на фасадата и во останатите тековни градежни активности.




Волонтерските денови се дел од редовната пракса на Хабитат Македонија за активности во локалната заедница. Во исто време, овој волонтерски ден во кој директно се вклучија вработени од Saint-Gobain беше еден од начините да се нагласи соработката со бизнис секторот и компаниите кои во своето работење одвојуваат средства и време за активности кои го подобруваат квалитетот на живот во заедницата.

*„Нашата компанија Saint-Gobain е многу горда што може да придонесе за енергетски ефикасни и еколошки прифатливи живеалишта за подобрување на животот на локалното население. Ние веруваме дека здравите домови имаат голема општествена вредност и се надеваме дека нашата донација и овој волонтерски ден би ги мотивирале и другите компании исто така да се приклучат и да придонесат кон позитивни општествени промени“* – изјави Ласло Лауко, директор за комуникации во Saint-Gobain.

*„Програмата на Хабитат за енергетска ефикасност на станбени згради е активна од 2009 година, и нашето искуство во оваа област е големо. Проектот предвидуваше реновирање на деловите на Здружението на пензионери, па наша заложба беше да се постигне договор со останатите станари и Општината за реновирање на целата фасада, затоа што само комплетно реновиран објект може да обезбеди максимална заштеда на енергија“* – изјави, Лилјана Алчева, директор на програма во Хабитат Македонија.





# И студенти по архитектура учеа за енергетска ефикасност

Група од 32 студенти од Архитектонскиот факултет во Скопје имаа можност да слушнат за придобивките од подобрувањето на енергетската ефикасност особено во станбените згради и да видат во пракса како се применуваат материјалите од оваа област додека траеше реконструкцијата на зградата на Здружението на пензионери во Кавадарци. Имајќи предвид дека и Фондацијата Saint-Gobain Initiatives во Македонија и Хабитат Македонија се посветени на интеграција и едукација на младите, оваа активност беше од особено значење за двете организации.

Ова беше можност за учење за студентите кои беа вклучени во подготовка на техничката документација, а тие ги едуцираа и пензионерите за енергетска ефикасност и за одржување на домот. Тоа им овозможи на овие млади луѓе и идни лидери во овој сектор да се стекнат со практично искуство и да бидат инволвирани во напорите за намалување на потрошувачката на струја во резиденцијалниот сектор на долг рок. Тие поминаа низ теоретска и практична обука фокусирана на одредени базични елементи од енергетската ефикасност и бихеврионални промени на младите луѓе.

Дел од активностите ги изведоа експерти од Saint-Gobain кои ги воведоа темите за енергетски ефикасни материјали во градежничката индустрија. Останатиот дел од обуката беше изведена преку веќе подготвена програма на Хабитат Македонија, а по исполнувањето на теоретскиот и практичниот дел од програмата, студентите беа наградени со сертификат потпишан од преставниците на Хабитат и од Saint-Gobain.

# Пензионерите се меѓу најранливите групи

Здружението на пензионери на Кавадарци е едно од 53 здруженија при Асоцијацијата на пензионери на Македонија, невладина организација со околу 250 илјади членови и со 400 пензионерски клубови и неколку дневни центри. Во Македонија постои голема потреба за сместување на постарите граѓани во пензионерски станови, а моменталната ситуација е многу лоша, и постојат само околу 480 вакви станови за членовите на Асоцијацијата. Со лоши услови за живот, со просечна пензија од 200 евра и минимална пензија од 90 евра, постарите граѓани се сметаат за едни од најранливи групи на граѓани.

Генерално, државните пензионерски домови во земјата не ги исполнуваат стандардите за пристојно домување. Таков беше случајот и со становите коишто ги користи Здружението на пензионерите во Кавадарци поради што Хабитат Македонија во стартот на реализираната проектна идеја беше убеден дека помагајќи во подобрување на станбените услови ќе овозможи и значително подобрување на животниот стандард и на здравјето на постарите граѓани.

Преку стручен инспекциски инженерски надзор ги согледа супстандардните и нездрави услови за живеење во зградата во која е сместен Домот на пензионерите во Кавадарци и итната потреба од нејзино реновирање и обновување на енергетската ефикасност. Становите беа со многу лоша фасада, со влажни ѕидови, со стари прозорци кои не можеа да ја дадат потребната заштита од атмосферските влијанија. Дневниот центар за пензионерите кој е секојдневно многу посетен го користи и Здружението на пензионери - инвалидизирани лица кое во истата зграда има и своја канцеларија. За проектот „Енергетска ефикасност за Здружението на пензионери во Кавадарци" здружението беше селектирано освен поради евидентната потреба за реновирање на зградата туку и поради големата заинтересираност на неговите членови. Влијаеше и подготвеноста за соработка на Општината и локалната самоуправа, потенцијалот на бизнис секторот како и можностите за развој на пазарот на материјали за енергетска ефикасност.







Од потпишувањето на договорот за соработка помеѓу Saint-Gobain Initiatives и Хабитат Македонија на 29 јуни 2017 во Скопје

*„Иновативните решенија на нашата компанија Saint-Gobain, создаваат средини за живеење што го подржуваат комфорот, високиот квалитет на живот и одржливоста како модел за идните генерации да развиваат средини за живеење со висока свесност за животната средина. Веруваме дека севкупните општествени и економски придобивки од нашата донација, ќе обезбедат далеку поодржливи вредности и резултати за корисниците на просториите на Здружението на пензионери во Кавадарци, но и ќе обезбедат трајни подобрувања, ефективни резултати и одржливи придобивки за локалната заедница“* – Томаш Росак, Генерален делегат на Saint-Gobain.

*„Ова е веќе четврта зграда во Кавадарци што се реновира во рамки на програмата на Хабитат за „Хабитат Македонија, како единствена граѓанска организација која ја опфаќа областа на супстандардно домување, во изминативе години е предводник и носител на нови инцијативи и иновативни решенија за подобрување на квалитетот на живот, што се спроведуваат со донатори, меѓу кои посебно значајни се партнерствата со корпоративниот сектор. Сметам дека токму ова наше искуство и заложби беа препознаени од Фондацијата Saint-Gobain Initiatives со која делиме заедничка визија, и верувам дека ова е само почеток на заедничките проекти“* – Зоран Костов, извршен директор на Хабитат Македонија.

Habitat for Humanity® Macedonia

ул. Никола Парапунов бр.41,
Комплекс Макотекс, 1 кат
П.ФАХ 407
1000 Скопје, Република Македонија
Тел./факс: +389 2 3061 890
E-mail: info@habitat.org.mk

SAINT-GOBAIN
ISOVER SAINT-GOBAIN · Rigips SAINT-GOBAIN · weber SAINT-GOBAIN

Саинт-Гобаин Производи за градежништво
Преставништво Скопје
ул. 808 бр.2
1030 Скопје, Република Македонија
Поштенски Фах 665
Тел: +389 2 2443494